Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-12
Дата: 30.01.2026 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство, трговија и услуги ТИФИ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Ѓоре Органџиев бр. 27 Велес, застапувано од Филип Рашески – управител. Со Записник бр. 29-12 од 28.01.2026г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 42 став 2 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (Службен весник на РСМ бр. 215/21) и член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ НАРЕДУВА на** Друштвото за производство, трговија и услуги ТИФИ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Ѓоре Органџиев бр. 27 Велес:

1.1 Да се регистрира во Регистерот на производители кај стручниот орган-Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, како производител на спакувана стока.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.2 Да склучи договор за превземање на обврските за постапување со отпадот од пакување со колективен постапувач со отпад од пакување кој поседува дозвола од надлежен орган.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.3 Да го уреди постапувањето со отпадот кој се предава на овластен постапувач со пополнување на идентификациони и транспортни формулари.
Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

1.4 Да изработи Елаборат за заштита на животната средина за вршење на дејноста производство на текстил, на локација Ѓоре Органиџиев бр. 27 Велес, во пропишана форма и содржина, во кој ќе ги утврди: влијанијата врз животната средина во оперативната фаза, односно при вршењето на дејноста, усогласеноста на своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина

и пропишаните гранични вредности на емисии, како и да го достави на одобрување до надлежниот орган.
Рок: 90 (девеесет) дена од денот на приемот на решението.

[redacted]

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство, трговија и услуги ТИФИ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Ѓоре Органџиев бр. 27 Велес.

Надзорот се изврши за да се утврди дали се исполнуваат одредбите за постапување од Законот за проширената одговорност на производителот за управување со дополнителни текови на отпад, а во согласност со член 3 став 3 од Упатството за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор (Службен весник на РСМ бр. 255/19), опфатот на надзорот е проширен врз основа на наоди кои се појавија за време на вршењето на надзор, а се однесуваа на поседување документација со која е извршена оцена на влијание врз животната средина од вршењето на дејноста.

Субјектот на надзор уредно и навремено беше известен за времето на надзор, а во прилог на Известувањето ИП1бр. 29-12 од 08.01.2026г. беше доставена и Листа на проверка со прашања за проверка кои го утврдуваат обемот на инспекциски надзор.

Надзорот е извршен на 23.01.2026г. во присуство на Филип Рашески – управител, но заради дополнително обезбедување на документација, инспекциската постапка продолжи на 28.01.2026г.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-12 од 28.01.2026г.

Субјектот на надзор врши дејност производство на горна облека (ХТЗ опрема) што вклучува кроење, шиење, пеглање и пакување на производите, за потребите на налогодавач од Германија. ТИФИ ГРУП е увозник на текстилот и помошниот материјал кој е спакуван заради заштита при испорака/транспорт на материјалите. Оваа стока е спакувана во најлон, фолија, картон. Сите овие материјали се неповратни и завршуваат како отпад од пакување во државата. Овој правен субјект не е регистриран во Регистерот на производители кој се води кај Стручниот орган, а согласно

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

горенаведеното е Производител на спакувани стоки согласно член 6 став 1 точка 10 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

Согласно член 17 став 1 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување: Производителите кои пуштаат на пазар спакувани стоки во РСМ согласно со членот 8 од овој закон, се обврзани да се регистрираат кај стручниот орган, во согласност со начинот и постапката утврдени во прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

Субјектот на надзор нема склучено договор за превземање на обврските и не води евиденција за видот и количината за отпадот од пакување пуштен во државата. Отпадот од пакување неселектиран заедно со комуналниот отпад го предава на ЈКП Дервен за крајно депонирање на општинската комунална депонија.

Согласно член 25 став 1 од горенаведениот закон, Производителот е должен на свој трошок за обезбеди исполнување на обврските и целите на законот, преку враќање, собирање, преработка и рециклирање на отпадот од пакување кој е создаден со пуштањето на пазар на спакувани стоки во РСМ.

Согласно член 25 став 2: Производителот исполнувањето на обврските ги остварува со склучување на договор за превземање на обврските за постапување со отпадот од пакување со колективен постапувач со отпад од пакување кој е основан и поседува дозвола согласно прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

Во согласност со член 30 став 3 од законот: Субјектите се должни да го предадат собраниот отпад од пакување без да го модифицираат истиот на собирач или оператор за управување со отпад од пакување кој претставува дел од колективен постапувач, со задолжителен транспортен и идентификационен формулар согласно со прописите за управување со отпад.

Содржината на формуларите е пропишана во Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад – Прилог 2 и 3 (Службен весник на РМ бр. 7/06).

При производството се создава и отпад од текстил, мали парчиња остатоци од кроењето на текстилот. За овој вид на отпад, склучен е договор со ЧОЧКОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес за собирање и транспортирање на отпадот од текстил и извршено е еднократно превземање на текстилот од субјектот на 17.12.2025г. Предавањето на отпадот на собирачот/транспортерот е извршено без потребната документација- идентификационен и транспортен формулар кој ја

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

придружува пратката на отпад и која е обврска за изготвување на поседувачот на отпадот/субјектот на надзор.

Субјектот на надзор не поседува Елаборат за заштита на животната средина за оцена на влијанието врз животната средина кој е одобрен од надлежен орган за вршењето на дејноста производство на текстил, која дејност припаѓа во Прилог 1, Глава V од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината ("Службен весник на РМ" бр. 80/09, 32/12), а е активен субјект од 2012г.

Согласно член 24 став 6 од Законот за животната средина субјектот на надзор е должен да изработи Елаборат за заштита на животната средина во кој ќе ги утврди: - влијанијата врз животната средина во оперативната фаза, односно при вршењето на дејноста, - усогласеноста на своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии. Содржината на Елаборатот е пропишана во Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистерот за одобрени елаборати (Службен весник на РМ бр. 44/13, 111/14).

Во согласност со член 42 став 2 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (Службен весник на РСМ бр. 215/21) и член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25), Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно со решението и не ги отстрани причините за настанатата состојба утврдени со решението, ДИЖС ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до недлежниот прекршочен орган, во согласност со член 42 став 5 од Законот за за управување со пакување и отпад од пакување и член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

[redacted]

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-12, на ден 30.01.2026г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243